Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 244/19) и член 45, став 13 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 ,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.11.2022 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2023 година

## I ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во државата и надовор од неа.

## II АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за развој и поддршка на спортовите во подем.

| | Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2023 година | |
|---|---|---|
| | НАЗИВ | Предвидени средства |
| **1** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **1.350.000,00** |
| 1.1 | Поддршка на спортски турнири и натпревари | 600.000,00 |
| 1.2 | Вардарска регата „Гемиџии" | 150.000,00 |
| 1.3 | Меѓународен Велешки пливачки маратон | 300.000,00 |
| 1.4 | Атлетски маратон | 150.000,00 |
| 1.5 | Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2023 година | 50.000,00 |
| 1.6 | Поддршка на ендуро-трка | 50.000,00 |
| 1.7 | Непредвидени спортски манифестации | 50.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ** | **410.000,00** |
| 2.1 | Поддршка Сојуз на училишни спортови | 50.000,00 |
| 2.2 | Поддршка на општински фудбалски сојуз | 300.000,00 |
| 2.3 | Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица | 60.000,00 |
| **3** | **ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ** | **3.250.000,00** |
| 3.1 | Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти | 1.700.000,00 |
| 3.2 | Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти | 350.000,00 |
| 3.3 | ГОК „Борец" | 300.000,00 |
| 3.4 | Кошаркарски клуб „Борец – Баскет" | 150.000,00 |
| 3.5 | МРК „Борец 1950" | 150.000,00 |
| 3.6 | ФК „Борец 1919" | 150.000,00 |
| 3.7 | ЖФК „Борец" | 300.000,00 |
| 3.8. | Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри | 150.000,00 |
| **4** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **2.400.000,00** |
| 4.1. | Реконструкција на спортски терени | 1.500.000,00 |
| 4.2 | Реконструкција на спортска сала „Гемиџии" | 900.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **7.410.000,00** |

## III ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за млади и спорт, од спонзорства и донации.

## IV ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за промовирање на здравиот начин на живот;
- Организирање анкети за да се утврди јавниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 25-5207/10
30.11.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за јавни дејности;
- Списи и архива